Неофицијален пречистен текст

П Р А В И Л Н И К
ЗА ИНДИКАЦИИТЕ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВО НА ОРТОПЕДСКИ И ДРУГИ ПОМАГАЛА

(„Службен весник на Република Македонија “бр. 33/2011, 66/2011, 99/2011, 5/2012, 84/2012, 159/2012, 151/2013, 10/2014, 113/2014, 189/2014, 1/2015, 46/2015, 211/2015, 158/2016, 45/2018, 129/2018, 160/2018, 228/2018, 10/2019 20/2019, 44/2019, 82/2019, 222/2019, 239/2019, 31/2020, 53/2020, 278/2020, 121/2021, 220/2022,277/2023 и 146/2025)

I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој Правилник се утврдуваат индикациите врз основа на кои се остварува право на протези, ортопедски и други помагала, помошни и санитетски справи и материјали, очни помагала, слушни помагала, помагала за одржување на гласен говор и заботехнички средства (во понатамошен текст: ортопедски и други помагала) изработени од стандарден материјал, начинот на остварување, рокови на траење на помагалата, одржување и поправка на помагалата, изнајмување како и висината на учеството на осигурените лица во цената на тие помагала.

Член 2

Осигуреното лице може да оствари право на ортопедско и друго помагало на товар на средствата на Фондот за здравствено осигурување на Македонија (во понатамошен текст Фондот) според индикациите утврдени со овој Правилник и Списокот на ортопедските и други помагала, Шифрарникот кој содржи видови, шифри и назив на ортопедски помагала, како и Список за поправка на ортопедски помагала кои се составен дел на овој Правилник.

За ортопедски и други помагала од став 1 на овој член се сметаат индивидуално произведени помагала според упатствата на овластените лекари на медицина или лекари стоматолози, сериски произведени кои е потребно да се прилагодат на одредени осигурени лица или сериски произведени помагала наменети на сите осигурени лица.

Ортопедските и други помагала од став 1 и 2 на овој член мора да се произведуваа, одржуваат и употребуваат според пропишаните услови за намената за која се произведени така да не го загрозуваат здравјето на осигуреното лице кој е корисник на помагалато.

Производството и испораката на помагалата се врши согласно Законот за лекови, медицински и други помагала и прописите во согласност со овој закон.

II. ИНДИКАЦИИ И СТАНДАРД

Член 3

Индикации за препишување на ортопедските и други помагала се: медицинска дијагноза утврдена согласно Меѓународна класификација на болести – десета ревизија (во понатамошен текст МКБ-10), возраст на осигуреното лице за одредени видови на помагала, станбено - комунални и други услови кои се од значење за користење и правилна примена на одредени видови помагала.

Стандардите за квалитет на помагалата се: начин на изработка на помагалото-индивидуално произведени помагала, сериски произведени кои е потребно да се прилагодат или сериски произведени наменети на сите осигурени лица, врсти на материјали од кои се изработени помагалата, број на помагала и др.

III. НАЧИН НА ОСТВАРУВАЊЕ НА ОРТОПЕДСКИ И ДРУГИ ПОМАГАЛА

Член 4

Осигуреното лице правото на ортопедско и друго помагало го остварува врз основа на потврда за потреба од ортопедско помагало, што ја издава лекар специјалист од соодветна специјалност, освен за помагалата утврдени во член 41 став 1 точка 4 и точка 5 и член 43 од овој Правилник за кои осигуреното лице правото го остварува врз основа на потврда издадена од избраниот лекар по препорака на лекар специјалист од соодветна специјалност. За помагалата од член 41 став 1 точка 4 и точка 5 специјалистичкиот извештај или отпусното писмо со препорака за помагалото е

потребен само при првото остварување на правото и примерокот од истиот се задржува од страна на избраниот лекар

За помагалата од член 43 став 1 точка 1, 2 и 7 на осигуреното лице му се пропишува потврда за потреба од ортопедско помагало за 90 дена, со означен датум на потврдата соодветно за секое тромесечие со најмногу до две потврди на 180 дена, а за помагалата од член 43 став 1 точка 5, став 2 и став 3 и член 55 на овој правилник, може да се пропишуваат потврди за потреба од ортопедско помагало за 180 дена со означен датум на потврдата соодветно за секој месец .

Потврда за ортопедско и друго помагало од став 1 на овој член може да издаде лекар специјалист од соодветна специјалност или избраниот лекар од здравствена установа која има склучено договор со Фондот.

Предлогот од лекар специјалист за ортопедски помагала од член 43 став 1 точка 1, 2 и 7 и став 2 и став 3 на овој правилник, не може да биде постар од 12 месеци, а во случај да се менува видот на помагалото се потврдува со нов специјалистички извештај.

Ако се констатира дека избраниот лекар издаде потврда за ортопедско и друго помагало спротивно на одредбите од овој Правилник, му се утврдува казна согласно договорот склучен со фондот.

Обрасците на потврдите за потребата од ортопедско помагало се составен дел на овој Правилник и тоа :

- Образец ПОП - Потврда за потреба од ортопедско помагало - формат А4/2
- Образец СЛП - Потврда за потреба од слушно помагало - формат А4/2;
- Образец ПГП - Потвда за потреба од помагало за овозможување на гласен говор - А4/2 ;
- Образец ПОЧП - Потврда за потреба од очно помагало - формат А4/2;
- Образец ПЗП - Потврда за потреба од заботехничко и забнопротетичко помагало - формат А4/2;
- Образец ИДКП -Изјава за домаќинско користење на ортопедско помагало;
- Образец КМОП - Конзилијарно мислење за остварување на право на ортопедски и други помагала
- Образец ИСК-изјава за активно вклучување во сообраќај

Обрасците на потврдите за потребата од ортопедско помагало ги усвојува Управниот одбор на Фондот.

Потврдата од став 1 и став 2 на овој член ги содржи сите потребни медицински и технички елементи на помагалото според медицинските индикации, видот и шифрата на помагалото што се издава.

Рокот на испорака на индивидуално изработените помагала дефинирани во Списокот на ортопедски и други помагала е најмногу до 60 дена; а за помагалата со сериско производство со прилагодување и сериско производство како и за изработка на заботехнички и забнопротетички средства е најмногу до 30 дена. Рокот започнува да тече од денот на нарачката на соодветното помагало.

Потврдите за потребата од ортопедско помагало од став 1 на овој член важат 30 дена од денот на издавањето во кој рок осигуреникот треба да изврши заверка на потврдата во подрачната служба на Фондот според местото на осигурување на осигуреното лице и изврши нарачка на ортопедското помагало кај правното лице што изработува и/или испорачува ортопедски помагала, со кое Фондот има склучено Договор.

Осигуреното лице има право на едно помагало од ист вид за одредена индикација.

На една потврда за потребата од ортопедското помагало на осигуреното лице може да му се препише само еден вид помагало за одредена индикација, во потребните количини утврдени во Списокот на ортопедските помагала.

Член 5

Потврдата за ортопедско помагало ја заверува подрачната служба на Фондот, независно од местото на живеење односно работа на осигуреното лице.

Доколку престане потребата од користење на ортопедското помагало од член 27, 27-а, 28 и 28-а (со исклучок на тоалетна инвалидска количка), осигуреното лице е должно да го врати истото во подрачната служба на Фондот.

Заверката на потврдата се врши истовремено со потпишување на Образец- изјава за домаќинско користење на помагалото (Образец ИДКП) дека истото ќе биде вратено

во подрачната служба од каде е заверена потврдата во рок од 30 дена и тоа по: престанокот на потребата за користење на помагалото и добивање на право за помагало од ист вид пред истекот на рокот, за помагала за кои е утврдена обврска за враќање на помагалото.

Поднесување на потврдата за заверка, како и Образец - изјава за домаќинско користење на помагалото (Образец ИДКП) од став 3 на овој член може да ја направи осигуреникот - корисник на помагалото, лично или друго лице во име на лицето - корисник на помагалото со приложување на личен документ за идентификација и здравствена легитимација и документ за идентификација на лицето корисник на помагалото.

Осигуреното лице или лице овластено од осигуреникот кое нема да го врати помагалото согласно одредбите на овој Правилник е обврзно на Фондот да му надомести штета од 80 % од вредноста на ново истовидно помагало утврдена со Одлуката за утвдрување на цени на ортопедски и други помагала.

Доколку осигуреното лице или лице овластено од осигуреникот не ја надомести штетата од став 5 од овој член, Фондот го задржува правото да поведе постапка пред надлежен суд.

Член 6

За ортопедските и другите помагала од член 13 став 3, член 16, член 16-а, член 18, член 22 за ортопедските помагала со шифра 2503, 2504, 2505, 2506 и 2507 од Списокот на ортопедски помагала, член 27, 27-а, член 28, член 28-а и член 46 став 4 од овој Правилник, потврдата за потребата од ортопедското помагало се заверува по претходно прибавено мислење од Првостепената лекарска комисија на Фондот.

За осигурените лица, кај кои нема можност за подобрување на здравствената состојба (ампутерци, параплегии, парализа на долни екстремитети, церебрална парализа), за ортопедските и другите помагала од член 16, член 18 овој Правилник, потврдата за потреба од ортопедско помагало се заверува по претходно мислење од Првостепената лекарска комисија на Фондот и тоа само при првото остварување на правото.

За помагалата од член 43 став 1 точка 1, 2, 8 и 9 и став 2, став 3 и став 4 издадениот предлог од лекар специјалист ги потврдува Лекарската комисија на Фондот со наод и мислење за потребата за користење на помагалото.’

Додека за помагалата од член 43 став 2 алинеја 2 и 4 покрај издадениот предлог од лекар специјалист, Лекарската комисија на Фондот потребата за користење на помагалото го потврдува и со извештај од специјалист психијатар и потврда од центар за социјални грижи.

За ортопедските и други помагала од член 27, 27-а , 28 и 28-а од овој Правилник издадените потврди од лекар специјалист се заверуваат по претходно прибавено мислење од комисија на Фондот формирана од раководителот на подрачната служба, која врши проверка и дава препорака за одобрување на помагало согласно условите за користење на истото помагало.

Користени помагала

Член 7

Под користено помагало се смета помагало за кое со овој правилник е утврдено задолжително враќање на истото.

Исправноста на помагалото кое осигуреното лице го вратило согласно став 1 од овој член ја утврдува овластен работник во Фондот и правното лице со кое Фондот има договор за испорака на ортопедски помагала.

На осигуреното лице на кое му е утврдена потребата за ортопедско помагало Фондот може да му се издаде користено помагало ако за тоа даде оценка и мислење Лекарската комисија на Фондот.

Користените помагала се издаваат без пополнување на образец - Изјава за домаќинско користење на помагалото, а рокот на траење на помагалото изнесува половина од рокот на траење на истовидно ново помагало.

Насловот пред членот 8 и членот 8 се избришани со Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за остварување на право на ортопедски и други помагала (Службен весник на РМ бр. 159/2012)

Член 9

Фондот води евиденција на издадените ортопедски и други помагала и за роковите на нивното траење, како и посебна евиденција за користените помагала.

Член 10.

Врз основа на заверената потврда за потребата од ортопедско помагало, одобреното помагало се подига од правното лице кое изработува или набавува ортопедски помагала, со дозвола за промет на мало, согласно Законот за лекови и медицински помагала и со кое Фондот има склучено Договор.

Подигнување на помагалото може да го врши осигуреникот - корисник на помагалото, лично со приложување на документ за идентификација и здравствена легитимација или друго лице во име на лицето - корисник на помагалото со приложување на документ за лична идентификација, документ за идентификација и здравствена легитимација на лицето корисник на помагалото.

Член 11

Фондот склучува договори и анекси на договорите со правните лица за обезбедување на ортопедски и други помагала, доколку правното лице:
- услугите што ги врши се во рамките на дејноста за која е регистрирано;
- постојат услови за вршење на соодветната дејност (простор, опрема, кадар и слично);
- се платени придонесите за задолжително здравствено осигурување;
- негува добри деловни односи;
- ако ортопедското помагало има одобрение за пуштање во промет (регистрација), доколку е тоа утврдено со Законот за лековите, помошните средства и медицински помагала.

Договори со правните лица за обезбедување на ортопедски и други помагала, анекси на договорите за продолжување на важење на договорот, анекси на договори за додавање на ново помагало во листата и анекси на договори за додавање на помагало од друг производител, се склучуваат по објавување на јавен повик.

Фондот може да склучува договори и анекси на договори со правните лица за обезбедување на ортопедски и други помагала, анекси на договорите за продолжување на важење на договорот, анекси на договори за додавање на ново помагало во листата, анекси на договори за додавање на помагало од друг производител и без објавување на јавен повик, а врз основа на поднесено барање од правните лица.

Одлуката за одобрување на барањето од ставот 3 на овој член за склучување на договори и анекс договори со правните лица за обезбедување на ортопедски и други помагала, ја носи Управниот одбор на Фондот.

Договорите и анексите од став 2 и 3 на овој член, Фондот ги склучува во рамките на утврдените буџетски средства за таа намена.

Референтните цени на ортопедските помагала периодично се утврдуваат од страна на Фондот.

Член 11-а

Осигуреното лице кое остварило право на ортопедско и друго помагало според индикациите утврдени со овој Правилник, може да ја доплати разликата од утврдената референтна цена од страна на Фондот до набавната цена, ако бара подигање на помагало изработено од надстандарден материјал.
Во случаите наведени во ставот 1 од овој член, правното лице од каде што е подигнато помагалото, дополнително доставува до Фондот и потврда за подигање на помагало од надстандарден материјал (образец ПНП) и изјава од осигуреното лице или друго лице (образец ИНП), кои се составен дел на овој Правилник.
Поправката на помагалата опфатени во ставот 1 од овој член, не е на товар на средствата на Фондот.

Член 12

Осигуреното лице остварува право на ортопедско и друго помагало во рокови на траење утврдени со овој Правилник според возрасни групи на осигурените лица.

Рокот на траењето почнува да тече од денот на испораката на ортопедското и друго помагало.

Член 13

За ортопедските и други помагала, на осигуреното лице може да му се одобри поправка на помагало, замена на делови и ново помагало од ист вид и пред истекот на утврдениот рок на траењето на помагалото, ако помагалото стане неупотребливо поради анатомски, физиолошки или функционални промени кај осигуреното лице, и во случај на кражба на помагалото потврдено со записник од МВР, односно

оштетување или уништување на помагалото поради виша сила потврдено од страна на Лекарската комисија на Фондот.

Поправка на помагало и замена на делови на помагало се врши според Списокот за поправки на ортопедски помагала кој е составен дел на овој Правилник.

Потребата од поправка и ново помагало од ист вид пред истекот на утврдениот рок на траење на помагалото ја цени Лекарската комисија на Фондот.

Гарантниот рок на помагалата го одредува правното лице кое произведува или набавува помагала со кое Фондот има склучено договор и истиот неможе да биде помал од 1 година, освен за помагалата кај кои рокот на траење е помал од 1 година.

Во услови кога поправката на помагалото изнесува повеќе од 80% од цената на истовидно ново помагало, и изминат е повеќе од половина од рокот на важноста на помагалото на осигуреното лице му се одобрува ново помагало согласно став 3 од овој член.

Осигуреното лице не може да оствари право на ново помагало во пропишаниот рок на траење, ако поради намерно оштетување или грубо невнимание го оштети или уништи помагалото.

IV. УЧЕСТВО НА ОСИГУРЕНИТЕ ЛИЦА ВО ЦЕНАТА НА ОРТОПЕДСКИТЕ И ДРУГИ ПОМАГАЛА

Член 14

Висината на учеството на осигурените лица во цената на ортопедските и други помагала се утврдува на 10% од цената на ортопедските и други помагала, освен за медицински помагала за инконтиненција-влошки и пелени за кои висината на учество изнесува 15%, корсет платнен лумбален со фишбајни и корсет платнен лумбален со метални шини за кои учеството изнесува 50% од вредноста и надколени и подколени ортози за кои висината на учеството изнесува 10,00 денари по ортоза.

Од учеството во став 1 на овој член се ослободени осигурените лица од член 35 од Законот за здравственото осигурување и член 52 од овој Правилник.

Осигуреното лице кое го има остварено правото на ортопедско и друго помагало од член 11-а на овој правилник, при подигнување на помагало од надстандарден материјал ја плаќа висината на учеството утврдена за помагалото кое му е одобрено од страна на Фондот.

Член 15

За наплатеното учество, правното лице кое врши изработка односно набавка на ортопедско и друго помагало, на осигуреното лице му издава потврда.

Потврдата од став 1 на овој член содржи: број на потврдата, презиме и име на осигуреното лице, матичен број, број на здравствената легитимација, број на дневникот на издадени ортопедски и други помагала, износ на наплатено учество, дата, потпис на овластено лице и печат на организацијата што го издала ортопедското помагало.

IV. ВИДОВИ НА ПОМАГАЛА

1. ОРТОПЕДСКИ ПОМАГАЛА

1. Протези за раце и нозе

Член 16

Осигуреното лице остварува право на протеза за рака или за нога, во случај кога му недостасува дел или цела рака или нога, со сите составни делови кои овозможуваат целосна функција на протезата, според Списокот на ортопедски и други помагала.

Со протезата осигуреното лице остварува право на естетска ракавица за рака, односно на навлаки (чорапи) за чунката за ногата, како составен дел на протезата.

Осигуреното лице кое користи навлаки (чорапи) за чунка на ногата, може да користи до 6 навлаки (чорапи), годишно. Ова право го остваруваат еднаш годишно со заверка на една потврда и испорака на утврдената годишна количина до 6 навлаки (чорапи) еднократно.

Правото на протеза за раце и нозе се остварува врз основа на оценка и наод на Лекарската комисија на Фондот.

член 16-а

Осигуреното лице кое има ампутација на едниот или на двата долни екстремитети може да оствари право на протеза со сите составни делови според Списокот на ортопедски и други помагала во следните услови:

1. За ортопедските помагала од вид 1 со шифрите : 1112, 1315, 1405, 1506 и 1507 правото се остварува врз основа на оценка и наод на Лекарска комисија на Фондот по претходно набавен специјалистички извештај од физијатар или ортопед во кој се потврдува среден/висок степен на активност на осигуреното лице и можноста на целосна примена и функција на протезата.

2. За ортопедските помагала од вид 1 со шифрите : 1112, 1316, 1405, 1506 и 1507 правото се остварува врз основа на оценка и наод на Лекарска комисија на Фондот по претходно набавен специјалистички извештај од физијатар или ортопед во кој се потврдува висок степен на активност на осигуреното лице и можноста на целосна примена и функција на протезата.

3. За ортопедското помагало од вид 1 со шифра 1113 осигуреното лица кое има стекнат или конгенитален недостаток на еден долен екстремитети над колено, правото го остварува доколку е во работен однос или врши дејност врз основа на која е осигурено, како и децата кои се на школување до 18 односно 26 годишна возраст, а врз основа на оценка и наод на Лекарска комисија на Фондот по претходно набавен специјалистички извештај од физијатар или ортопед во кој се потврдува висок степен на активност на осигуреното лице и можноста на целосна примена и функција на протезата.

4. За ортопедското помагало од вид 1 со шифра 1113 осигуреното лица кое има стекнат или конгенитален недостаток на двата долни екстремитети над колено, правото го остварува врз основа на Оценка и наод на Лекарската комисија на Фондот, а по претходно набавен специјалистички извештај од физијатар или ортопед во кој се потврдува висок степен на активност на осигуреното лице и можноста на целосна примена на функцијата на протезата. “

Осигуреното лице кое користи силиконска навлака за чунка на ногата, може да користи една навлака годишно со заверка на една потврда.

Протезите од став 1 точка 1, 2, 3 и 4 на овој член може да се одобрат на осигуреното лице на возраст од 7 до 65 години.

Потврда за потреба на ортопедско помагало од овој член ја пропишува лекар специјалист по физијатрија или ортопедија.

Член 17

Протезите за раце и нозе се изработуваат од стандардни материјали: пластична маса, дрво, кожа, филц, метал и гума, зависно од видот на протезите и нивната функција.

Член 18

На осигуреното лице на кое му недостасуваат повеќе од две третини од двете раце поради конгенитален недостаток или билатерална надлактна ампутација и кое според индикациите не може да користи протези од член 16 на овој Правилник, може да оствари право на ортопедско помагало надлакатна мултифункционална протеза со миоелектронска шака и мехатронички лакотен зглоб со прекинувач командувана со притисок.

По исклучок од став 1 на овој член, осигуреното лице на кое му недостасува една рака, а другата е потполно одземена или деформирана и заради тоа не е во функција, може да оствари право на механоелектрична надлактна протеза (хибридна) или подлакотна миоелектрична функционална протеза.

Осигуреното лице на кое му недостасува една рака, повеќе од 2/3 и кај кое е вграден имплант а другата е потполно одземена или деформирана и заради тоа не е во функција и кое според индикациите неможе да користи протези од член 16 на овој Правилник може да оствари право на ортопедско помагало надлакотна мултифункционална протеза со миоелектронска лакотна единица контролирана од микропроцесор и мултифункционална миоелектронска шака.

Протезите од став 1, 2 и 3 на овој член може да се одобрат на осигуреното лице по навршени шест години возраст

Правото на протезите од став 1, 2 и 3 на овој член се остварува врз основа на оценка и наод на Лекарска комисија на Фондот по претходно набавено конзилијарно мислење за можност на нејзина примена и функција

Член 19

При изработка на првата трајна протеза за долните екстремитети на осигуреното лице му се поставува привремена имедијантна протеза со рок на траење најмногу до 12 месеци, односно до формирање на чунката.

Членот 20 е избришан со Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за остварување на право на ортопедски и други помагала (Службен весник на РМ бр. 159/2012)

Член 21

Рокот на траење на протезите од член 16 од овој Правилник изнесува:
1) Протези за раце:
- за осигурени лица, деца до 7 годишна возраст - 7 месеци;
- за осигурени лица, деца над 7 до 18 годишна возраст - 18 месеци;
- за осигурени лица над 18 до 65 годишна возраст - 36 месеци;
- за осигурени лица над 65 годишна возраст - 48 месеци
2) Протези за нозе:
- за осигурени лица, деца до 7 годишна возраст – 7 месеци;
- за осигурени лица, деца над 7 до 18 годишна возраст - 12 месеци;
- за осигурени лица над 18 до 65 годишна возраст - 24 месеци;
- за осигурени лица над 65 годишна возраст - 48 месеци.

Рокот на траење на протезите од член 16-а од овој Правилник изнесува:
- За протезите од точка 1 и 2, за осигурени лица деца над 7 до 18 годишна возраст – 12 месеци;
- За протезите од точка 1 и 2, за осигурени лица деца над 18 до 65 годишна возраст –36 месеци;

- За протезите од точка 3 и 4 , за осигурени лица деца над 7 до 18 годишна возраст – 36 месеци;
- За протезите од точка 3 и 4 , за осигурени лица деца над 18 до 65 годишна возраст –60 месеци;

Рокот на траењето на протезите од член 18 став 3 од овој Правилник изнесува:

- за осигурени лица, деца над 6 до 18 годишна возраст – 36 месеци;
- за осигурени лица над 18 до 65 годишна возраст - 48 месеци;
- за осигурени лица над 65 годишна возраст - 60 месеци.“

Рокот на траењето на протезите од член 18 од овој Правилник изнесува:

- за осигурени лица, деца над 6 до 18 годишна возраст – 24 месеци;
- за осигурени лица над 18 до 65 годишна возраст - 36 месеци;
- за осигурени лица над 65 годишна возраст - 60 месеци.

2. Ортопедски средства - ортози

Член 22

Право на ортопедски помагала - ортози осигуреното лице има во случај кога тие помагала му се потребни за овозможување на потпирање, растоварување, спречување на деформации, исправање на постојните деформации и контролирање на несакани движења.

Како ортопедски помагала - ортози во смисла на став 1 на овој член се сметаат: надколени ортози, подколени ортози, ортози за горните екстремитети, ортози за рбетен столб и корективни ортози според Списокот на ортопедски и други помагала.

Член 23

Ортопедските средства - ортози се изработуваат од стандарден материјал и тоа од: метал, кожа, пластична маса, гума и текстил.

Членот 24 е избришан со Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за остварување на право на ортопедски и други помагала (Службен весник на РМ бр. 159/2012)

Член 25

Рокот на траењето на ортопедските средства (ортози) од член 22 од овој Правилник изнесува:

- за осигурени лица, деца до 7 годишна возраст - 12 месеци;
- за осигурени лица, деца над 7 до 18 годишна возраст - 14 месеци;
- за осигурени лица над 18 до 65 годишна возраст - 24 месеци;
- за осигурени лица над 65 годишна возраст - 36 месеци.

3. Инвалидски колички

Член 26

Право на инвалидска количка на рачен погон (од собен тип), осигуреното лице може да оствари кога:

1) се ампутирани двете нозе над колената;
2) се ампутирани двете нозе под колената кога протезата е медицински контраиндицирана;
3) е ампутирана едната нога каде што поради прогресивно заболување се предвидува дека може да дојде до влошување на другата нога и не може да се овозможи одење и со употребата на протезата;
4) поради одземеност на долните екстремитети, ако и покрај употребата на друго помагало поголемиот дел од времето го поминува во количка;
5) поради дегенеративни и воспалителни процеси на големите зглобови на долните екстремитети, движењето е намалено односно оневозможено;
6) целосно му се одземени раката и ногата од едната страна, а оспособувањето да може да стои е контра индицирано од други медицински причини (болно срце и др.);
7) е ампутирана една нога, ако поради општата слабост на организмот не е во состојба да се движи.

На осигуреното лице кое заради индикациите од став 1 на овој член, поголемиот дел од времето го минува во кревет, може да му се одобри само тоалетна инвалидска количка.

Правото на инвалидска количка се утврдува врз основа на потврда потпишана од двајца лекари специјалисти, од кои едниот со специјалност по физијатрија или ортопедија, другиот со специјалност по физијатрија, ортопедија, неврологија, невропсихијатрија или хирургија, а го потврдува со наод и мислење Лекарската комисија на Фондот.

Член 27

На осигуреното лице му се одобрува стандардна инвалидска количка која е наведена во Списокот на ортопедски и други помагала со потребните додатоци, во зависност од функционалниот статус.

Според анатомските и физиолошките особини на осигуреното лице, на кое не му одговара стандардана количка од собен тип, има право на инвалидска количка по специјална нарачка.

Како стандардна инвалидска количка во смисол на став 1 и 2 на овој член се смета количка изработена од метал, кожа, пластична маса, гума и текстил и која има наслони за раце на расклопување, одморалишта за нозете на расклопување и можност за расклопување на количката со кочници.

Како стандардна инвалидска количка за церебрална парализа се смета количка изработена од метал, кожа, пластична маса, гума и текстил и која има ремен за фиксација на градите, ремен за фиксација на нозете, ремен за фиксација на главата, потпирач со прекршување, масичка, потпирач за глава, тапацирано седиште (перниче), потпирач за листот на нозете, папучи за штелување, тврдо седиште, тврд наслон и клин помеѓу нозете.

Член 27-а

На осигуреното лице кое трајно користи инвалидска количка му се одобрува стандардно лесна инвалидска количка која е наведена во Списокот на ортопедски и други помагала.

Како стандардно лесна инвалидска количка во смисол на став 1 на овој член се смета количка изработена од рам од алуминиум, тежина до 17 кг за најмалата широчина на количката заедно со потпирачи за нозе подесливи по висина, демонтирање на задни тркала без алат, стандардни ширини на седиште од 38 до 50 цм и балансер против превртување.

Право на активна инвалидска количка може да оствари осигуреното лице кое има функционален статус на двете раце, индикациите утврдени во Списокот на ортопедски и други помагала и исполнува еден од наведените критериуми и тоа:

- децата кои се на школување до 18, односно 26 годишна возраст;
- работен однос;
- врши дејност врз основа на која е осигурено и
- поседува возачка дозвола и може самостојно да управува со моторно возило.

Како активна инвалидска количка во смисол на став 3 на овој член се смета количка изработена од рам од алуминиум или друга лесна легура, тежина до 13 кг за најмалата широчина на количката заедно со потпирачи за нозе подесливи по висина, демонтирање на задни тркала без алат и штитници за задни тркала.

Правото на инвалидска количка се утврдува врз основа на специјалистички извештај и потврда пропишана од двајца лекари специјалисти, од кои едниот со специјалност по физијатрија или ортопедија, другиот со специјалност по физијатрија, ортопедија, неврологија, невропсихијатрија или хирургија, а го потврдува со наод и мислење Лекарската комисија на Фондот.

Член 28

Осигуреното лице има право само на една собна инвалидска количка на рачен погон.

По исклучок од став 1 на овој член осигуреното лице кое е во работен однос, или врши дејност врз основа на која е осигурено, како и на децата кои се на школување до 18, односно 26 годишна возраст, покрај собна инвалидска количка има право и на теренска инвалидска количка на рачен погон.

По исклучок од став 2 на овој член, на осигуреното лице наместо теренска инвалидска количка на рачен погон може да му се одобри инвалидска количка на електромоторен погон ако поради функционалниот статус на рацете и нозете неможе активно да покренува количка на рачен погон, ако Лекарската комисија на Фондот оцени дека е способно сигурно и самостојно да ја управува.

По исклучок на став 1 од овој член, осигуреното лице со параплегија, квадриплегија, покрај собна инвалидска количка на рачен погон има право и на тоалетна количка.

Член 28-а

Осигурените лица со траен инвалидитет од 7 до 26 години и над 65 годишна возраст имаат право на електромоторна инвалидска количка - скутер со еден електромотор, максимална брзина од 25 км/h, минимално траење на батеријата од 2 часа со ротирачко седиште прилагодено за инвалидизирани лица согласно индикациите наведени во списокот на ортопедски помагала кој е составен дел на овој Правилник.

Правото на електромоторна инвалидска количка - скутер се остварува со Конзилијарно мислење издадено од: Универзитетската клиника за неврологија, Универзитетска клиника за ревматологија, Универзитетска клиника за пластична и реконструктивна хирургија, Универзитетска клиника за Детски болести, Универзитетска клиника за детска хирургија, Универзитетска клиника за тораковаскуларна хирургија и Универзитетска клиника за трауматологија, ортопедија, анестезија и реанимација, интензивно лекување и ургентен центар. Покрај Конзилијарното мислење осигуреното лице е потребно да достави и специјалистички извештај од специјалист офталмолог за способност за управување со помагалото, специјалистички извештај од специјалист оториноларинголог за способност за управување на помагалото и специјалистички извештај од специјалист психијатар за психичката состојба за самостојно управување и вклучување во сообраќај со електромоторната инвалидската количка - скутер.

За потребата од електромоторна инвалидска количка – скутер наод, оценка и мислење дава Лекарската комисија на Фондот.

Осигурените лица кои ќе остварат право на електромоторна инвалидска количка – скутер имаат право и на собна инвалидска количка.

Член 29

Осигуреното лице на кое му е одобрена инвалидска количка од кој било вид има право само на едно перниче од полиуретан со мемориска пена обложено со текстил, освен за тоалетна инвалидска количка. Рокот на траење изнесува најмалку 60 месеци, а за деца до 18 години - 36 месеци.

Член 30

Лицата со параплегија, квадриплегија, церебрална парализа, мускулна дистрофија, како и спинална мускулна атрофија кои остваруваат или остариле право на инвалидска количка имаат право на антидекубитално перниче полнето со воздух или гел со рок на траење од 48 месеци. Тие лица при остварување право за инвалидска количка немаат право на перниче од полиуретан со мемориска пена обложено со текстил.

Член 31

Рокот на траењето на инвалидските колички изнесува најмалку 60 месеци, а за деца до 18 години - 36 месеци.

Член 32

Заверката на инвалидска количка се врши со потврда и со потпишување на Образец-изјава за домаќинско користење на помагалото (Образец ИДКП). Додека за користење на помагалото електромоторна инвалидска количка-скутер, потребно е дополнително да се приложи и образец – Изјава за активно вклучување во сообраќај (образец ИСК), потпишана од осигуреното лице/родителот.

4. Ортопедски чевли

Член 33

Осигуреното лице кое неможе да употребува конфекциски чевли може да остварува право на ортопедски чевли, изработени по мерка во случај на следните индикации:

1) пократка нога повеќе од 2,5 см;
2) деформации на скочниот зглоб или стопалото поради исчашување, скршеници или коскени израстоци од поголеми размери, освен деформацијата како последица на Халус валгус;
3) елефантијаза на долните екстремитети;
4) парализирано или паретично стопало;
5) дегенеративни промени на коските и зглобовите од стопалата кои се последица од:
   а. вродени аномалии
   б. повреди на стопалото и
   в. деформирани стопала при Рхеуматоид артхтритис.
6) состојба после ампутација на најмалку три прсти или палецот на едното или на двете стопала, како последица на повреда;
7) деформации на стопало при мускулни дистрофии и миопатии;
8) состојба после делумна ампутација на стопалото или ампутација на долен екстремитет во состав на адекватна протеза.

Член 34

На децата до навршена 18 годишна возраст, кои неможат да употребуваат конфекциски чевли можат да остварат право на ортопедски чевли изработени по мерка, во случај на следните индикации:

1) пократка нога за 1,5 см или повеќе;
2) деформирано стопало од типот на еквиновалгус поради вроден недостаток на фибула;
3) деформирано стопало од типот на еквиноварус поради вроден недостаток на тибија;
4) вродено криво стапало од типот на pes equinovarus kongenitus и pes varoaduktus;
5) вродено криво стапало од типот pes planovalgus kongenitus поради:
   a) tallus verikalis
   b) рскавична или коскена коалиција на коските и зглобовите на стопалото
6) вродено криво стапало од типот на pes excavatus, pes varoexcavatus и Fridrajhovo стопало;
7) вродено расцепено стопало - pes fissus;
8) вродено неразвиено стопало-hypoplasio pedis со голема разлика компарирана со друго стопало
9) вродени аномалии на прстите:
   a) digitus superduktus

b) digutis malleus или kontractus
в)голем многу развиен палец (mega hallux)

Член 35

Како ортопедски чевли во смисла на член 33 од овој Правилник не се сметаат чевлите произведени во сериско производство, на кои им е додадена само ортопедска влошка.

Член 36

Ортопедски чевли можат да се одобрат на осигурено лице како составен дел на друго помагало при:

1) потреба од ортопедски апарат (ортоза) каде чевлите се составен дел на апаратот;
2) потреба од метална сандала или ортопедски апарат со метална сандала;
3) потреба од вештачко стопало;
4) ампутиран дел од нога или доножјето, а осигуреното лице не користи ортопедски апарати;
5) ампутација на долен екстремитет во состав на адекватна протеза.

Член 37

Ортопедските чевли се изработуваат од кожа, со соодветни додатоци кои се вградени во ортопедските чевли.

Член 38

Роковите на траењето на ортопедските чевли од член 33, 34, 35 и 36 од овој Правилник изнесуваат:
- за осигурени лица, деца до 7 годишна возраст – 6 месеци;
- за осигурени лица, деца над 7 до 18 годишна возраст - 9 месеци;
- за осигурени лица над 18 до 65 годишна возраст - 12 месеци;
- за осигурени лица над 65 годишна возраст - 12 месеци;

5. Ортопедски влошки

Член 39

Осигуреното лице до навршена 18 годишна возраст, кое користи сериски произведени чевли, има право на ортопедски влошки во случај на: Pes planus, Pes planovalgi, Calcar calcanei, Morbus Sever, Morbus Kohler, Metatarzalogia Morton и Скратување на ногата до 1,5 см.

Рокот на траењето на ортопедските влошки изнесува 6 месеци.

6. Еластични чорапи

Член 40

Осигуреното лице може да оствари право на еластични чорапи (надколеници или доколеници), во случај на постоперативно лекување на долните екстремитети за превенција на тромбемболизмот.

Осигуреното лице правото од став 1 на овој член го остварува само еднаш, за еден оперативен третман.

7. Помошни помагала (бандажерски средства)

Член 41

Осигуреното лице може да оствари право на помошни помагала според Списокот на ортопедски и други помагала, ако тие му се потребни од медицински причини и тоа:

1) троножен односно четвороножен бастун;
2) патерици односно одалка ако со тие помагала се овозможува или се подобрува движењето;
3) појаси и утеги за различни типови на хернија и млитава стомачна мускулатура кај трудници;
4) вештачка дојка, во случај на конгенитален недостаток, како и по ампутација на дојка кај осигурено лице - жена;
5) Ортопедски градник со џебови за носење на вештачка дојка.

Член 42

Рокот на траењето на помошните помагала од член 41 став 1 точката 1 и точка 2 на овој Правилник изнесува најмалку 60 месеци, за помагалата од точка 3 изнесува 12 месеци, за помагалото од точка 4 и точка 5 на истиот член изнесува 12 месеци.

8. Останати помагала и санитарни справи

Член 43

Осигуреното лице може да оствари право на други помагала и санитарни справи и тоа:

1) дводелен систем за уростома - 30 плочки и 90 кеси, или еднодолен систем за уростома - 180 самолепливи кеси и паста за нивелирање на подлога за 90 дена, а по потреба и појас за фиксирање на дводелен систем;
2) дводелен систем за колостома/илеостома - 30 плочки и 180 кеси за измет, или еднодолен систем за колостома/илеостома – 180 самолепливи кеси и паста за нивелирање на подлогата за 90 дена, а по потреба и појас за фиксирање на дводелниот систем;
3) ендотрахијална канила за осигурено лице за кое е извршена трахетомија;
4) постојан катетар (4 парчиња годишно) за лице кај кое не постои можност за празнење на мочниот меур по пат на слободна дренажа;
5) Нелатон катетер (120 месечно) за лице кај кое не постои можност за своеволно празнење на мочниот меур;
6) гумено црево за вештачко хранење за осигурено лице кое се храни по вештачки пат преку отвор на sидот од желудникот .
7) Силиконска облога за рани 12,5 x 12,5 - количина 30 силиконски облоги за 90 дена.
8) Хидрофилен катетер (720 за 6 месеци) за лице кај кое не постои можност за своеволно празнење на мочниот меур и кои се оспособени за самокатетеризација што се потврдува со специјалистички извештај;
9) Силиконски фоли катетер (100% силикон) (4 месечно) и кеси со испуст за силиконски фоли катетер (30 месечно) за лице кај кое не постои можност за своеволно празнење на мочниот меур и кои се оспособени за самокатетеризација што се потврдува со специјалистички извештај.

Право на медицинско помагало за инконтиненција (влошки и/или пелени) имаат следните осигурени лица:

- децата на возраст од 3 до 18 години со инконтиненција од неуроген тип (спина бифида и менингомиелоцела) или екстрофија на мочниот меур кај кои постои како последица трајно,неволно празнење на мочниот меур;
- ментално ретардираните деца од 3 до 18 години поради неволно празнење на цревата и/или мочниот меур;
- осигурените лица со параплегија, квадриплегија, мултиплекс склероза, церебрална парализа или секвели од детска парализа неволно празнење на цревата и/или мочниот меур;
- осигурените лица со психичка (душевна) заостанатост, привремено или трајно психичко (душевно) пореметување, трајно психичко (душевно) заболување со пореметување на свеста, кои условуваат несвесна уринарна и фецесна инконтиненција;
- лицата во терминална фаза од заболувањето по обезбедено конзилијарно мислење од специјалисти за соодветното заболување од здравствена установа која има договор со Фондот.

Осигуреното лице со инконтиненција која не може хируршки да се реши, а е неподвижно, но може да седи и да се движи и/или не може да седи и да се движи со помош на инвалидска количка има право на :

- Медицинско помагало за инконтиненција (влошки и/или пелени) за деца на возраст од 3 до 18 години,
- Медицинско помагало за инконтиненција (влошки и/или пелени) за лица на возраст над 18 години.
- постојан катетер (4 парчиња годишно) согласно член 43 став 1 точка 4, за лица на возраст над 14 години
- 10 урин кеси со испуст од 2 литри месечно за лица на возраст над 14 години.
- 30 уринарни кондоми месечно за лица на возраст над 14 години.

Медицинските помагала од став 2 и став 3 на овој член се препишуваат во количина утврдена во списокот на ортопедски и други помагала кој е составен дел на овој правилник, со големина соодветна на телесната градба на корисникот. Соодветниот вид на медицинско помагало го препишува лекарот специјалист од соодветната дејност или избраниот лекар по препорака на лекарот специјалист од соодветната дејност.

За медицинските помагала од став 2 точка 2 покрај извештајот од лекар специјалист правото се остварува и со потврда од Центар за социјални грижи, а за медицинските

помагала од став 2 точка 4 правото се остварува и со специјалистички извештај од лекар психијатар.

Медицинските помагала под шифра 8211 може да се препишуваат во комбинација со помагалото под шифра 82144.

Во исклучително тешки случаи на инконтиненција (мешана и фецесна инконтиненција), лекарот може да препише употреба на помагалата под шифра 82144 во количество од 90 парчиња месечно.

Член 44

Рокот на траењето на помагалата и санитарните справи од членот 40 на овој Правилник изнесува:

Дводелен систем за уростома (10 плочки и 30 кеси) или едноделен систем за уростома (60 самолепливи кеси) - месечно;
Појас за фиксирање на дводелен систем за уростома - 6 месеци;
Дводелен систем за колостома и илеостома (10 плочки и 60 кеси за измет) или едноделен систем за колостома и илеостома (60 самолепливи кеси)- месечно;
Појас за фиксирање на дводелен систем за колостоми и илеостоми - 6 месеци;
Паста за нивелирање на подлогата - месечно
Ендотрахијална канила
a) метална - 12 месеци
b) гумена (пластична) - 6 месеци
Постојан катетар - 3 месеци
Нелатон катетер (120 парчиња)- месечно
~~Распрскувач и инхалатор - трајно~~
Гумено црево за вештачка исхрана - 3 месеци

2.ОЧНИ ПОМАГАЛА

Член 45

Осигуреното лице може да оствари право на следните очни помагала:

1) очила
2) контактни леќи
3) очни призми
4) очни протези

1. Очила

Член 46

Право на очила (стакла без рамки) со обични монофокални стакла со диоптрија може да оствари осигурено лице кога е потребно за корекција на видната функција во случај на кратковидост, далековидост и астигматизам, со јачина поголема од 1 диоптер.

Како очила во смисла на став 1 на овој член, не се сметаат очилата за кои на осигуреното лице му е индицирана потреба по наполнети 40 години живот поради физиолошко слабеење на видната функција - пресбиопија.

Право на очила од случаите на став 1 на овој член, со бифокални стакла може да оствари осигурено лице - дете до навршена 18 годишна возраст со страбизам кои се неопходни од тераписки причини.

По исклучок од став 1 на овој член осигурено лице може да оствари право на очила со специјален систем на стакла (телескопски) во случај на висок степен на слабовидност, кога острината односно јачината на видот на двете очи неможе да се подобри со стаклата од став 1 на овој член. Ова право се остварува со наод и мислење на лекарската комисија на Фондот.

Осигуреното лице во случаите од став 1 на овој член може да оставри право на очила со млечни стакла само во случај на моноокуларна афакија.

Осигуреното лице во случаите од став 1 на овој член може да оствари право на очила со темни стакла со диоптрија во случај на:

1) заболување на предниот сегмент на окото поради skleritis, keratitis, iritis и iridociklitis
2) заболување на очното дно или на очниот нерв поради chorioditis, horioretinitis, retinitis, nevritis, nevroretinitis, атрофија на очниот нерв и ablation retinae.

2. Контактни леќи

Член 47

Осигуреното лице може да оствари право на контактни леќи (меки, тврди и полутврди) во случај на:

1) кератоконус и кератоглобус;
2) анизометропија поголема од 3,5 диоптри;
3) анизоастигматизам поголем од 3,5 диоптри, кај кои со коректруно стакло неможе да се постигне острина на видот поголема од 0,5 диоптри, а исклучена е функционална амблиопија, односно со контактни леќи се постигнува подобра видна функција;
4) прогресивна миопија која се корегира со корективно стакло појако од 6 диоптри кај деца до 18 годишна возраст во тераписки цели (тврди и полутврди леќи);
5) во случај на изгореници и потешки повреди на рожницата, заштитно и тераписки (меки контактни леќи).

3. Очни призми

Член 48

Осигуреното лице може да оствари право на очни призми само во случај на:

1) по оперативен третман на страбизам;
2) лекување на слабовидни деца со ексцентрична фиксација;
3) лекување на паралитичен страбизам.

4.Очни протези

Член 49

Осигуреното лице оставрува право на очни протези:

1) полна - во случај на анофталмус;
2) лушпеста - во случај на делумно отстранување на атрофија на очното јаболко;
3) орбитална - во случај кога поради недостаток на синото јаболче постои наградување на надворешните делови на окото.

Осигуреното лице пред поставување на прва трајна очна протеза од став 1 на овој член има право на привремена очна протеза до оформување на очната празнина.

Член 50

Стандарден материјал од кој се изработуваат очните протези се: пластична маса, стакло, порцелан или некоја друга материја погодна за овој вид помагала.

Ако стандардната форма и големина на очната протеза не одговара на формата и големината на коњуктивната вреќичка се изработува очна протеза по мерка.

5.Други очни помагала

Член 51

Осигуреното лице кај кое острината на видот на двете очи е помала од 0,05 диоптри (практично слепо лице) може да оствари право на долг бел стап за слепо лице.

Член 52

Како ортооптичко помагало во смисла на член 35 од Законот за здравственото осигурување се сметаат очните помагала кои се неопходни за развивање на видната функција до пубертетот, спречување на рецидив на слабовидност и прогресија на рефракциска аномалија на осигурените лица до 18 годишна возраст.

6.Рокови на траење на очните помагала

Член 53

Роковите на траење на очните помагала изнесуваат:

- за деца до 10 годишна возраст - 12 месеци;
- за деца над 10 до 18 годишна возраст - 24 месеци;
- за останатите осигурени лица - 36 месеци;

3. СЛУШНИ ПОМАГАЛА

Член 54

Осигуреното лице може да оствари право на слушен апарат (амплификатор) кај кое постои обострана трајна загуба на слухот над 40 децибели во говорната фрекфренција од 500, 1000 и 2000 Хз, а со помош на слушното помагало може да се постигне задоволителна говорна и слушна комуникација.

По исклучок од став 1 на овој член, слушен апарат може да се одобри и на осигугено лице кое има обострана загуба на слухот под 40 децибели во следните случаи.

1) деца од предучилишна возраст над 1 година ако со оглед на менталната состојба и степенот на оштетувањето на слухот, може да се очекува развој на говорот при спроведување на стручна рехабилитациона постапка со слушно помагало;
2) деца на школување ако со слушниот апарат им се овозможува следење на настава;
3) тешко наглуви деца во случаите кога може да се олесни следењето на наставата во специјални одделенија за наглуви деца или во заводи - домови за такви деца.

По исклучок од став 1 и 2 на овој член, на децата од став 2 на овој член ако имаат оштетување на слухот на двете уши, ако тоа е неопходно може да им се одобри слушен апарат за двете уши.

Слушен апарат не се доделува на наполно глуви лица .

Член 55

Осигурените лица кои имаат вградено слушен имплант имаат право на 30 батерии месечно, а доколку се вградени два слушни импланти имаат право на 60 батерии месечно и приклучок според потребата.

Правото од став 1 на овој член се остварува со потврда издадена од избран лекар врз основа на специјалистички извештај односно отпусно писмо со кои се потврдува дека кај осигуреното лице е вграден слушниот имплант.

Член 55-а

Осигурените лица кои имаат вградено кохлеарен имплант имаат право на говорен процесор со сите надворешни составни делови.

Правото од став 1 на овој член се остварува со специјалистички извештај од Клиниката за уво, нос и грло во кое се потврдува дека осигуреното лице има вграден кохлеарен имплант, потврда издадена од лекар специјалист од горенаведената Клиника, потврда за потреба од ортопедско помагало издадена од Комисијата за ортопедски и други помагала при ФЗОРСМ и наод, оценка и мислење од Лекарската комисија на Фондот.

Член 56

Слушен апарат се доделува врз основа на наод и мислење од здравствена установа која врши дејност за уво, нос и грло и која има услови за вршење на аудиометриски испитувања како и услови за стручна проверка за разбирливост на говорот со помош на слушен апарат.

Член 57

Под условите утврдени во член 51 на овој Правилник, осигуреното лице има право на една од стандардните форми на слушен апарат и тоа:

1) џепен слушен апарат со гајтан, за лица со изразито тешка редукција на слухот поради возраст, оштетен вид или невролошки заболувања;
2) слушен апарат вграден во очила за воздушна или коскена спроводливост кај лица со одредени заболувања на надворешното и средното уво (атрезија) на надворешен слушен канал, хронични воспалителни процеси на средното уво и после радикална трепанација на темпоралната коска;
3) Задушен слушен апарат кај сите видови нарушување на слух за осигурени лица над 65 години. За осигурените лица до 18 години, задушен слушен апарат со најмалку четири канали, а за осигурените лица од 18 години до 65 години, задушен слушен апарат со најмалку два канали.
4) Канален слушен апарат кај сите видови на оштетување на слухот на деца до навршена 18 годишна возраст.

Како стандарден слушен апарат во смисла на став 1 на овој член се подразбира слушен апарат кој е составен од слушно помагало, влошка за спроводливост адаптирана на ушниот канал, пластична цевка за поврзување на влошката и слушното помагало,

акумулаторски или обични батерии, полнач на акумулаторски батерии, прибор за одржување на слушното помагало.
Рокот на траење на слушен апарат изнесува за деца до наполнета 7 годишна возраст 24 месеци, за лица над 7 годишна возраст до 18 години 36 месеци, а за останатите рокот на траењето е 60 месеци.

4. ПОМАГАЛА ЗА ОВОЗМОЖУВАЊЕ НА ГЛАСЕН ГОВОР

Член 58

Осигуреното лице може да оствари право на апарат за овозможување на гласен говор (вештачки грклан) врз основа на вештачки вибратор (микрофон) доколку трајно ја загубило способноста за говор, ако со тестирање се утврди дека со помош на таков апарат може да се постигне задоводителен рехабилитационен ефект, а учењето на езофарингиален говор не дало задоволителен резултат.

Апаратот на осигуреното лице се доделува врз основа на наод и мислење на Клиниката за болести на уво, нос и грло или здравствена установа (општа болница) во која е извршена здравствената услуга.

Член 59

Апаратот за овозможување на глас и говор му се одобрува на осигуреното лице само еднаш.

5. ЗАБОТЕХНИЧКИ И ЗАБНО ПРОТЕТИЧКИ СРЕДСТВА

Член 60

Осигуреното лице може да оствари право на следниве заботехнички и забно протетички средства:

1) подвижни акрилатни парцијални и тотални протези;

2) ортодонски акрилатни апарати (подвижни);
3) оптуратори;
4) шини за имобилизација при траума;
5) едноделни леани фасетирани крунички.

Член 61

Подвижни акрилатни тотални и парцијални протези се одобруваат во случај кога недостигаат крајните два молара (едностарно или двострано) во една или во обете вилици.

Член 62

Ако на осигуреното лице му недостигаат повеќе од три заба еден до друг по правило се изработува подвижна акрилатна протеза.

Член 63

Ортодонски апарати (подвижни) може да се одобрат на осигурени лице - деца до 18 годишна возраст во случај на пореметена оклузија, артикулација и естетика.

Член 64

Оптуратор може да се одобри на осигурено лице во случај на вродени и стекнати аномалии на коскеното и мекото ткиво.

Член 65

Шини за имобилизација може да се одобри на осигурено лице во случај на имобилизација по траума.

Член 66

Едноделни леани фасетирани крунички можат да се одобрат на осигурено лице - дете до 18 годишна возраст, во случај на траума

Член 67

Како стандарден материјал за изработка на заботехнички и забнопротетички средства, во смисла на овој Правилник се смета акрилатот.

Член 68

Рокот на траење на заботехнички и забнопротетички средства од членот 60 точка 1 и точка 5 на овој Правилник изнесува најмалку 60 месеци.

Ортодонтските помагала од членот 60 точка 2 на овој Правилник се издаваат во зависност од потребата која ја утврдува лекар специјалист стоматолог - ортодонт, но најмногу до 4 апарати до навршена 18 годишна возраст.

Забнотехничките и забнопротетски помагала од член 60 точка 3 и точка 4 на овој Правилник се пропишуваат по утврдена потреба од страна на лекар специјалист стоматолог- ортодонт или максилофацијален хирург.

По истекот на рокот на траење утврден во став 1 на овој член, на осигуреното лице може да му се одобри ново заботехничко или забнопротетичко средство, само ако лекарот утврди дека дотогашното средство станало неупотребливо.

Оправданоста на изработувањето на ново протетско средство пред истекот на рокот ја цени Лекарската комисија на Фондот.

6. СУПЛЕМЕНТИ ЗА ДИГЕСТИВНИ ЗАБОЛУВАЊА

Член 68-а

Осигуреното лице може да оствари право на:

- Безглутенско брашно за осигурените лица кои имаат дијагностициран Rett syndrom
- Безпротеинско брашно и безпротеинско млеко за осигурените лица кои имаат дијагностицирани вродени заболувања на метаболизмот на аминокиселини.
- 100 % масло од средноланчани триглицериди за лица со дијагностициран Allagile syndrome
- Хипоалергена формула на млеко со 55-80% на средноланчани триглицериди за лица со дијагностициран Allagile syndrome

Осигуреното лице правото од став 1 на овој член го остварува врз основа на конзилијарно мислење издадено од соодветна Универзитетска клиника.

Помагалата од став 1 се остваруваат во количини утврдени во списокот на ортопедски и други помага
кој е составен дел на овој Правилник.

Член 69

Контрола на спроведувањето на одредбите од овој Правилник ја врши Фондот за здравствено осигурување на Македонија.

Начинот на спроведување на одредбите од овој Правилник подетално ги уредува Фондот со Упатство.

ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 70

(член 70 од Правилникот објавен во „Службен весник на РМ “ бр. 33/2011)

Овој правилник влегува во сила од денот на објавувањето во Службен весник на Република Македонија, ќе се објави по добивање на согласност од Министерот за здравство, а ќе се применува од 1.4.2011 година.

Со денот на примената на овој правилник престанува да важи Правилникот за индикациите за остварување на право на ортопедски и други помагала („Сл.весник на РМ“ бр. 11/2000, 4/2001, 56/2001, 71/2001, 41/2003, 47/2003, 73/2005, 3/2006, 137/2006, 62/2007, 86/2007, 115/2007, 132/2007, 56/2008, 132/2008, 88/2009 и 16/2010).

Член 71

(член 6 од Правилникот објавен во „Службен весник на РМ “ бр. 66/2011)

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се објави по добивањето на согласност од министерот за здравство.

Член 72

(член 6 од Правилникот објавен во „Службен весник на РМ “ бр. 99/2011)

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се објави по добивањето на согласност од министерот за здравство.

Член 73

(член 6 од Правилникот објавен во „Службен весник на РМ “ бр. 5/2012)

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, ќе се објави по добивањето на согласност од министерот за здравство, а ќе се применува од 15 јануари 2012 година.

Член 74

(член 3 од Правилникот објавен во „Службен весник на РМ “ бр. 84/2012)

Овој Правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се објави по добивање на согласност од Министерот за здравство.

Член 75

(член 6 од Правилникот објавен во „Службен весник на РМ “ бр. 159/2012)

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се објави по добивање на согласност од министерот за здравство.

Член 76

(член 17 од Правилникот објавен во „Службен весник на РМ “ бр. 151/2013)

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се објави по добивањето на согласност од министерот за здравство.

Член 77

(член 10 од Правилникот објавен во „Службен весник на РМ “ бр. 10/2014)

Овој Правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“ ќе се објави по добивањето на согласност од министерот за здравство, а ќе се применува од 01.02.2014 година.

Член 78

(член 5 од Правилникот објавен во „Службен весник на РМ “ бр. 113/2014)

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“ ќе се објави по добивањето на согласност од министерот за здравство, а ќе се применува од 01.08.2014 година.

Член 79

(член 11 од Правилникот објавен во „Службен весник на РМ “ бр. 189/2014)

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“ ќе се објави по добивањето на согласност од министерот за здравство, а ќе се применува од 01.01.2015 година.

Член 80

(член 4 од Правилникот објавен во „Службен весник на РМ “ бр. 46/2015)

Овој Правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“ а ќе се објави по добивањето на согласност од Министерот за здравство.

Член 81

(член 8 од Правилникот објавен во „Службен весник на РМ “ бр. 211/2015)

Овој Правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“ ќе се објави по добивање на согласност од министерот за здравство, а ќе се применува од 01.12.2015 година.

Член 82

(член 2 од Правилникот објавен во „Службен весник на РМ “ бр. 158/2016)

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а се објавува по добивање на согласност од министерот за здравство.

Член 83

(член 2 од Правилникот објавен во „Службен весник на РМ “ бр. 45/2018)

Овој Правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, ќе се објави по добивањето на согласност од министерот за здравство.

Член 84

(член 14 од Правилникот објавен во „Службен весник на РМ “ бр. 129/2018)

Овој Правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се објави по добивање на согласност од министерот за здравство.

Член 85

(член 3 од Правилникот објавен во „Службен весник на РМ “ бр. 160/2018)

Овој Правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се објави по добивање на согласност од министерот за здравство.

Член 86

(член 20 од Правилникот објавен во „Службен весник на РМ “ бр. 228/2018)

Овој Правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се објави по добивање на согласност од министерот за здравство.

Член 87

(член 4 од Правилникот објавен во „Службен весник на РМ “ бр. 10/2019)

Овој Правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се објави по добивање на согласност од министерот за здравство.

Член 88

(член 2 од Правилникот објавен во „Службен весник на РМ“ бр. 44/2019)

Овој Правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се објави по добивање на согласност од министерот за здравство.

Член 89

(член 8 од Правилникот објавен во „Службен весник на РСМ“ бр. 82/2019)

Овој Правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се објави по добивање на согласност од министерот за здравство.

Член 90

(член 12 од Правилникот објавен во „Службен весник на РСМ“ бр. 222/2019)

Овој Правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе се објави по добивање на согласност од министерот за здравство.

Член 91

(член 2 од Правилникот објавен во „Службен весник на РСМ“ бр. 239/2019)

Овој Правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе се објави по добивање на согласност од министерот за здравство.

Член 92

(член 4 од Правилникот објавен во „Службен весник на РСМ“ бр. 239/2019)

Овој Правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе се објави по добивање на согласност од министерот за здравство.

Член 93

(член 26 од Правилникот објавен во „Службен весник на РСМ“ бр. 31/2020)

Овој Правилник влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе се објави по добивање на согласност од министерот за здравство.

Член 94

(член 3 од Правилникот објавен во „Службен весник на РСМ“ бр. 278/2020)

Овој Правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе се објави по добивање на согласност од министерот за здравство.

Назив на здравствена установа

Работна единица - Одделение

Број на лекарски дневник

П О Т В Р Д А

ЗА ПОТРЕБА ОД ОРТОПЕДСКО ПОМАГАЛО

На осигуреното лице

Презиме, татково име и име на осигуреното лице

Адреса

\- -

Број на здравствена легитимација

Единствен матичен број

со дијагноза

Шифра

утврдена е потреба од

Назив на помагалото

20__ год.

Место и дата на пропишување

МП

Потпис на лекарот

Дата на важност од _____________

*се пополнува само при пропишување на помагала за месечно користење

Сл.весник 10/2014

ЗАВЕРКА НА ПОТВРДАТА

Осигуреното лице има право на помагалото _____ _____

Шифра на помагалото | Назив на помагалото

Осигуреното лице учествува со лични средства во цената на помагалото _____

Партиципација

_____ _____

Матичен број | Име и презиме на лицето кое врши заверка на помагалото

Во _____ _____ 20__ година **МП** _____

Потпис на овлстениот работник

ИЗДАВАЊЕ НА ПОМАГАЛОТО

Производувачот на помагалото _____

Дата на нарачка _____ Дата на превземање на помагалото _____

Наплатено учество _____

Вкупно за фактурирање _____

_____ **МП** _____

Потпис на лице кое го подига помагалото | Потпис на овлстениот работник

_____ _____

Матичен број | Име и презиме на корисникот на помагалото или на лице во името на лицето корисник (од лична карта)

Образец СЛП

Назив на здравствена установа

Работна единица - Одделение

Број на лекарски дневник

П О Т В Р Д А
ЗА ПОТРЕБА ОД СЛУШНО ПОМАГАЛО

На осигуреното лице

Презиме, татково име и име на осигуреното лице

Адреса

- -

Број на здравствена легитимација

Единствен матичен број

со дијагноза

Шифра

утврдена е потреба од

Шифра на помагалото

Назив на помагалото

20__ год.

Место и дата

МП

Факсимил и потпис на лекарот

Образец ПГГ

Назив на здравствена установа

Работна единица - Одделение

Број на лекарски дневник

П О Т В Р Д А
ЗА ПОТРЕБА ОД ПОМАГАЛО ЗА ОВОЗМОЖУВАЊЕ НА ГЛАСЕН ГОВОР

На осигуреното лице
Презиме, татково име и име на осигуреното лице

Адреса

Број на здравствена легитимација

Единствен матичен број

со дијагноза

Шифра

утврдена е потреба од

Шифра на помагалото

Назив на помагалото

20__ год.

Место и дата

МП

Факсимил и потпис на лекарот

Образец ПОЧП

Назив на здравствена установа

Работна единица - Одделение

Број на лекарски дневник

П О Т В Р Д А
ЗА ПОТРЕБА ОД ОЧНИ ПОМАГАЛА

На осигуреното лице

Презиме, татково име и име на осигуреното лице

Адреса

- -

Број на здравствена легитимација

Единствен матичен број


со дијагноза

Шифра

утврдена е потреба од

Шифра на помагалото

Назив на помагалото



Ознака	sphaer		Ci		Axtis		Prism bas'e	
Далечина								
Средна дол.								
Близина								
Форма на стакла								
Број и вид на стаклото								
Одалеченост на стаклото од рожницата								
Расојание на зеницата								

20__

год.

Место и дата

МП

Факсимил и потпис на лекарот

Образец ПЗП

Назив на здравствена установа

Работна единица - Одделение

Број на лекарски дневник

П О Т В Р Д А
ЗА ПОТРЕБА ОД
ЗАБОТЕХНИЧКИ И ЗАБНО-ПРОТЕТИЧКИ СРЕДСТВА

На осигуреното лице

Презиме, татково име и име на осигуреното лице

Адреса

- -

Број на здравствена легитимација

Единствен матичен број

со
дијагноза

Шифра

утврдена е потреба од

Шифра на помагалото

Назив на заботехничко и забно-протетички средства

Шема на забалото

8 7 6 5 4 3 2 1	1 2 3 4 5 6 7 8
8 7 6 5 4 3 2 1	1 2 3 4 5 6 7 8

20__
год.

Место и дата

МП

Факсимил и потпис на стоматологот

ОБРАЗЕЦ ИДК

И З Ј А В А

Од_____Со ЕМБГ_____
Со лична карта број_____издадена од МВР _____,
Со место на живеење на ул._____,
Со домашен телефон:_____
Во својство на одговорно лице кое се грижи за лицето_____
Со ЕМБГ_____, со место на живеење на улица _____, како член на неговото семејство:сопруг, сопруга, син , снаа, керка, или др.
Врз основа на член 5 став 3 од Правилникот за индикациите за за остварување на право на ортопедски и други помагала, под морална, материјална и кривична одговорност изјавувам дека ортопедското помагало кое ке го подигнам од ортопедска куќа како **ново-некористено** на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, врз основа на заверената Потврда за користење на ортопедско помагало број_____ на ден_____, и тоа:

_____,
_____,
_____,
_____,
_____,

ќе се користи наменски исклучиво за потребите на лицето за кое е наменето, со внимание на добар домаќин и веднаш по престанокот на потребата за негово користење, ќе го вратам на Фондот за здравствено осигурување на Македонија.
Во спротивно осигуреното лице, корисник на помагалото согласно член 5 став 6 од Правилникот за индикациите за остварување на право на ортопедски и други помагала прифака одговорност за надоместок на материјална штета.
Изјавата ја давам во просториите на Фондот за здравствено осигурување Подрачна служба _____, и своерачно ја потпишувам во два еднообразни примероци.
Датум:_____

Давател на изјава_____ ЕМБГ. _____
својство _____ Потпис _____
Одговорно лице во Фондот:_____

Лекарски дневник бр _____ ОБРАЗЕЦ КМОП
од ден _____
Назив на здравствена установа
_____

_____
Место

КОНЗИЛИЈАРНО МИСЛЕЊЕ
ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВО НА ОРТОПЕДСКИ И ДРУГИ ПОМАГАЛА

Име и
презиме_____
Адреса_____
_____
ЕМБГ/ЕЗБО_____
____
Сериски бр. на ЕЗК / Бр. на здравствена легитимација_____

За пациентот со дијагноза (латински назив на дијагноза)
_____
_____
_____ и
шифра на дијагноза по МКБ – 10 АМ_____
лекарскиот конзилиум утврди потреба за користење на следниве ортопедски помагала:
_____
_____ (помагалата се пишуваат по шифра и
назив на помагалото)

Образложение
_____
_____
_____
_____
Конзилијарното мислење се издава за остварување на право на ортопедски и други помагала од Списокот на ортопедски и други помагала кој е составен дел на Правилникот за индикации за остварување на право на ортопедски и други помагала.

Директор

_____

Дата _____

Во _____

Лекарски конзилиум

1. _____
2. _____
3._____

Сл.Весник 46/2015

Образец: ИСК

Изјава
за активно вклучување во сообраќај за корисниците на електромоторна инвалидска количка – скутер

Јас _____ од _____, со место на живеење _____, со ЕМБГ: _____ во својство на _____
(осигуреник/родител/старател) изјавувам дека сум/ е способен самостојно да управува/м со помагалото електромоторна инвалидска количка – скутер и сум/е свесен за ризиците при вклучување во сообраќај.
Изјавата ја давам под полна морална, кривична и материјална одговорност.

Дата:
_____

Изјавил,
_____

Сл.Весник 211/2015

Образец ПНП -потврда за подигање на помагало од надстандарден материјал

Назив на правното лице
_____
Работна единица/специјализирана продавница
_____
Седиште
_____

П О Т В Р Д А

Правното лице _____, потврдува дека осигуреното лице _____, со ЕМБГ,_____, од населено место _____, Ул._____ бр. _____, со заверена потврда од страна на Фондот со бр._____ со шифра на помагало бр._____, се согласи да подигне ортопедско или друго помагало од надстандарден материјал со следниот опис:
_____
___
_____ **за кое му се наплатени дополнителни средства во износ од _____ денари.**
Прилог:
Изјава од осигуреното лице

Место и дата **М.П.** **Овластено лице**
_____ _____

Сл,Весник 31/2020

Образец ИНП- изјава за подигање на помагало од надстандарден материјал

И З Ј А В А

Од осигуреникот _____, со ЕМБГ _____од населено место _____, Ул._____ бр. _____, изјавувам дека се согласувам да подигнам ортопедско или друго помагало изработено од надстандарден материјал наведено во потврдата _____ издадена од правното лице_____.

Разликата од утврдената референтна цена од страна на Фондот до набавната цена, ќе ја доплатам со сопствени средства и за истите нема да барам надоместок од страна на Фондот.

Место и дата **Изјавил,**

_____ _____

***во случај кога станува збор за малолетно лице, изјавата ја потпишува родителот/старателот.**

Образец ИНП-1- изјава за подигање на помагало од надстандарден материјал од друго лице

И З Ј А В А

Од лицето _____, со ЕМБГ _____од населено место _____, ул._____ бр. _____, изјавувам дека се согласувам да подигнам ортопедско или друго помагало изработено од надстандарден материјал наведено во потврдата _____ издадена од правното лице_____, за осигуреното лице со ЕМБГ _____од населено место _____, ул._____ бр. _____.

Разликата од утврдената референтна цена од страна на Фондот до набавната цена, ќе ја доплатам со сопствени средства и за истите нема да барам надоместок од страна на Фондот.

Место и дата **Изјавил,**

_____ _____

Сл,Весник 31/2020

Комисија за ортопедски и други помагала при ФЗОРСМ
Бр._____
Дата _____

ПОТВРДА
за потреба од ортопедско помагало – говорен процесор (образец ПГОП)

Се потврдува потреба од ортопедско помагало – говорен процесор со шифра 1107 на осигуреното лице _____, со ЕМБГ, _____, од населено место _____, Ул._____ бр. _____, врз основа на специјалистички извештај број _____ издаден на дата _____ и потврда за потреба од ортопедско помагало – говорен процесор со број _____ издадена на дата _____ од Клиниката за уво, нос и грло.

Место и дата

_____

М.П.

Членови на Комисија за ортопедски и други помагала при ФЗОРСМ

_____
_____
_____
_____
_____
_____
_____
_____
_____
_____